РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНСКО ОСНОВНО УЧИЛИШТЕ
СЛАВЧО СТОЈМЕНСКИ
Бр. 02-423
22. 12. 2025 год.
ВИНИЦА

2310 Виница, Бел Камен 7
033 361 914, 071 246 158
slavco.stojmenski@t-home.mk
http://www.ouss.edu.mk

СЛАВЧО СТОЈМЕНСКИ
ОСНОВНО УЧИЛИШТЕ

Врз основа на член 45 од Законот за административни службеници (,,Службен весник на Република Македонија'' бр.27/2014, 199/2014, 48/2015, 154/2015, 5/2016, 142/2016 и 11/2018) и (Службен весник на Република Северна Македонија'' бр. 275/2019, 14/2020, 215/2021, 99/2022 и 208/2024), Директорот на ООУ ,,Славчо Стојменски'' – Виница на ден 22 .12.2025 година донесе

# О Д Л У К А

## за избор на кандидат за вработување на неопределено време

1. За работно место ОБН 01 02 В01 001 Советник за општи и нормативно правни работи – Секретар, Одделение за нормативно-правни работи, човечки ресурси и општи работи, Административна служба, (1) извршител(и), се избира кандидатот Билјана Иванова, со идентификациски код 316ЕС46.
2. Со избраниот кандидат ке се склучи Договор за вработување на неопределено време по конечноста на оваа Одлука.
3. Одлуката стапува во сила со денот на нејзиното донесување.

## О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е

На ден 24.07.2025 година во дневните весници ,,Вечер'', "Нова Македонија" и ,,Коха'' и на интернет страницата на Агенцијата за администрација беше објавен Јавен оглас број 823/2025 за вработување на 1 административен службеник од категорија В, ниво В1, во ООУ ,,Славчо Стојменски'' – Виница.
Во врска со објавениот оглас бр.823/2025, Комисија за селекција за вработување по јавен оглас спроведе постапка за административна селекција на ден 28.11.2025 година и изготви Записник бр.10-1826/10.

На ден 10.12.2025 година Комисијата за селекција за вработување ја спроведе втората фаза од постапката за селекција за вработување – испит за административен службеник за што состави Записник од спроведениот испит за административен службеник, бр. 10-1826/12 од 10.12.2025 година.

На ден 18.12.2025 година се спроведе последната фаза од постапката – проверка на веродостојност на докази и интервју за административен службеник, за што е составен Записник од спроведена проверка на веродостојност на докази и интервју за административен службеник, бр. 10-1826/13 од 18.12.2025 година.

Комисијата за селекција за вработување по јавен оглас подготви Конечна ранг листа на кандидати од сите фази на селекција и до ООУ ,,Славчо

Стојменски'' Виница и достави Предлог за вработување на кандидати по Јавен оглас 823/2025, бр. 10-1826/15 од 19.12.2025 година.

Во Предлогот за вработување на кандидати по Јавен оглас 823/2025, за работно место ОБН 01 02 В01 001 Советник за општи и нормативно правни работи – Секретар, Одделение за нормативно-правни работи, човечки ресурси и општи работи, Административна служба, (1) извршител(и), се избира кандидатот Билјана Иванова, со идентификациски код 316ЕС46.

Врз основа на горенаведенето, се одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

ПРАВНА ПОУКА: Против оваа одлука незадоволниот кандидат има право на жалба до Агенцијата за администрација во рок од 8 дена од денот на објавувањето на одлуката на интернет страницата и на огласната табла на Агенцијата за администрација.

Доставено до:

- Кандидатот
- Агенција за администрација
- Архива

Директор

Горан Иванов